РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1002/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница, продолжение одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата број 12-1002/1 од 06.03.2024 година, во која се укажува на незаконитости при распределбата на финансиски средства од страна на Агенцијата ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлуки по предмети со идентични наводи.

Предметот со број 12-1002/1 од 06.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител (-), на ден 06.03.2024 година, поднесена е пријава во која се укажува на незаконитости при распределбата на финансиски средства од страна на Агенцијата ------------- и оформен е предмет број 12-1002/1 од 06.03.2024 година.

Во пријавата се наведува дека во интерес на откривање на сите аномалии поврзани со распределбата на финансиски средства наменети за ---- субјекти од страна на Агенцијата ----, ДКСК својата истрага треба да ја прошири и на распределбата на средства од програмите 20 и 40 кои се алиментирани од игрите на среќа, со оглед дека при распределбата на овие буџетски средства директорот самостојно без никаков контролен механизам, критериуми и постапка распределува милионски суми, нетранспарентно и без отчет. Во продолжение се наведува дека постојат сомнежи за финансиска проневера во спрега помеѓу директорот на ---- - ---- ---- и ---- федерација на Македонија раководена од претседателот ---- ----. Ова од причина што според подносителите помеѓу овие субјекти постојат евидентни противзаконски релации, како и непостапување во интерес на заштита на законот.

Имено, во пријавата се наведува дека спротивно на одредбите од Законот за спорт, Претседателот на ---- федерација на Македонија е сопственик на два спортски клубови, за генерален секретар го има назначено својот баџанак, избран е за трет мандат на претседател, сопругата на ---- ---- е вработена во компанијата ---- и неговиот брат назначен за селектор за ---- на плажа, РК ---- кој е под контрола на семејството ---- добива енормно висок ваучер од ---- исто како и клубовите на претседателот на федерацијата. Во продолжение се наведува дека ваквото однесување на директорот ---- ---- е на штета на останатите спортски субјекти и Буџетот на РСМ. Според подносителите внимание заслужува и распределбата на средства од програмата ---- -----.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по слични наводи како од посочената пријава во предмет со број 12-3723/1 од 15.04.2022 година, по кој предмет на 81-та седницата на ДКСК, одржана на 03.02.2023 година, донесена е одлука до надлежно јавно обвинителство да се достави иницијатива за покренување постапка за кривично гонење, а во врска со распределба на финансиски средства преку Агенцијата ----. Дополнително, по предмет со број 12-2573 од 25.05.2023 година, на 91-та седница на ДКСК, одржана на 31.08.2023 година, донесена е одлука пријавата да се достави како дополнување на Иницијативата за покренување на постапка за кривично гонење со број 12-632/5 од 24.02.2023 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со оглед на тоа дека веќе има постапувано и донесено одлуки по предмети со слични наводи, како и дека пријавата е веќе доставена како дополнување на Иницијативата за покренување на постапка за кривично гонење со број 12-632/5 од 24.02.2023 година поднесена до надлежното основно јавно обвинителство, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по оваа пријава и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш Член на ДКСК